РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1561/2
04-05-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31- седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1561/1 од 25.03.2026 година, оформен по пријава со нејасна и неконкретна содржина, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметот, поради тоа што се работи поради тоа наводите се однесуваат на повреда на индивидулано право од имотно правни односи, за што веќе постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-1561/1 од 25.03.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител без адресни податоци, на ден 25.03.2026 година, поднесена е пријава со нејасна содржина. Кон пријавата доставена е прилог документација, вклучувајќи решенија на надлежни органи, пресуди на надлежни судови, со кои се регулирани и одлучени приватни правни односи.

По разгледување на пријавата и приложената документација кон истата, ДКСК констатира дека нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.
По однос на документацијата доставена во прилог кон пријавата, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што се работи за повреда на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

индивидулано право од имотно правни односи, за што веќе постапиле други надлежни органи.

Имајќи го предвид погоре констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување во предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одоброл: А.Ч., Претседател на ДКСК